Дневни билтени

2015

Февруари
Март
April
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

Извадок на дел од дневни настани 28.08.2020

На 27.08.2020 во 13,00 часот било пријавено дека во Скопје на ул.Лазар Личеновски А.М.(50) од Скопје управувајќи мотоцикл „апачи" со скопски регистарски ознаки, паднал на коловозот. Во незгодата моторциклистот се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Градската општа болница "Св.Наум Охридски". Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 27.08.2020 во 12,15 часот било пријавено дека во Скопје на бул."Трета Македонска бригада" се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило "рено модус" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.М.Л.(46) од Скопје и мопед со скопски регистарски ознаки, управуван од Ј.Џ.(55) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила Ј.Џ. констатирани во комплексот клиники "Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 27.08.2020 во 10,50 часот било пријавено дека на регионалниот пат Гевгелија-Богданци се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно моторно возило „мерцедес" со полуприколка, со прилепски регистарски ознаки, управувано од Љ.Д.(55) од Прилеп и мопед со велешки регистарски ознаки, управуван од Б.П.(78) од Богданци. Во незгодата возачот на мопедот се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Јавната здравствена установа Гевгелија. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Гевгелија.

На 27.08.2020 во 22,00 часот во Полициската станица Кисела Вода Е.Д.(38) од Скопје пријавил дека на бул."Борис Трајковски" бил каснат од куче скитник.

На 27.08.2020 во 15,30 часот во Полциската станица Аеродром Г.Ф.(54) од Скопје пријавила дека на бул."Јане Сандански" нејзиниот 17 годишен син бил каснат од куче скитник.

На 27.08.2020 во 21,00 часот било пријавено дека во Виница, на место викано „Бојаџиски бунар" Г.П.(28) и А.А.(24) двајцата од Виница, извршиле кривично дело „насилство", на тој начин што првин Г.П. со спреј-солзавец го испрскал Н.В.(27) од Виница, а потоа А.А. се обидел со нож на расклопување да го нападне. А.А. ја скршил шофершајбната и ја оштетил левата страна на возилото на Н.В.. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Виница. Се работи на расчистување на случајот.

На 28.08.2020 во 01,00 часот било пријавено дека во с.Лешок во кругот на манастирскиот комплекс бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу 17 годишник од Тетово од една страна и Д.А. од Тетово од друга страна. По кратко време повторно бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу 17 годишникот и С.Д.(20) од Тетово и други две непознати лица. При преземање мерки, со повреди се здобиле и полициски службеници од Полициското одделение Тетово. Во врска со настанот лишени од слобода биле С.Д.(20) од Тетово и 17 годишник од Тетово. За настанот бил известен Јавен обвинител. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР-Тетово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.08.2020 во 05,20 часот во с.Ногаевци-Велес, било пријавено дека настанал пожар во млекара. Од страна на Територијалната противпожарна единица-Велес пожарот бил изгаснат.

На 27.08.2020 во 10,00 часот во СВР-Куманово, А.Е. од Куманово, пријавил дека во неговата викендица која се наоѓала на место викано „Менкова Колиба" забележал експлозивна направа. Од страна на полициски службеници од СВР-Куманово и пиротехничар било излезено на местото, при што било констатирано дека се работи за рачен ракетен фрлач најверојатно од 2001 година и истиот бил безбедно подигнат за понатамошна постапка.

На 27.08.2020 во 21,00 часот било пријавено дека во с.Визбегово-скопско на фудбалското игралиште 14 годишник од Скопје бил физички нападнат од неколку малолетни лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 28.08.2020 во 00,10 часот било пријавено дека во Скопје на ул."Бутелска" во казино С.Б.(21) од Скопје вработен како касиер бил физички нападнат од З.К. Се работи на расчистување на случајот.

На 27.08.2020 во 21,00 часот во Полициската станица Аеродром А.Н.(69) од Скопје, пријавил дека на бул."АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

На 27.08.2020 во 22,10 часот во Полициската станица Чаир Н.С.(32) од Скопје, пријавил дека на ул."Бутелска" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 27.08.2020 во 09,00 часот во Полициската станица Карпош од Јавна установа за згрижување на деца било пријавено дека се оддалечил Р.Џ.М.(13) од Куманово кој претходно во неколку наврати го напуштал домот. Се превземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 27.08.2020 во Полициската станица Карпош две жени пријавиле дека нивните малолетни ќерки биле физички нападнати од троја нивни познаници С.М., Д.Г и Н.М., кои се обиделе и да извршат обљуба врз нив. Според пријавата настанот се случил во станот на С.М. во временскиот период меѓу 00,30 до 05,00 часот на 27.08.2020 каде што претходно телефонски биле повикани двете малолетнички. Се работи на расчистување на случајот.

На 27.08.2020 во 15,00 часот во Полициско одделение Ропотово Д.Р.(41) од с.Зрзе-прилепско пријавил дека во с.Дебреште во казино додека бил со негов пријател В.М. биле физички нападнати од Р.Д. и неговиот татко А.Д. од с.Дебреште. Се работи на расчистување на случајот.

На 27.08.2020 во 14,30 часот во ПК Демир Капија У.У.(49) од с.Корешница пријавил дека од домот се оддалечила неговата ќерка М.П.(19). Се превземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 28.08.2020 во 01,30 часот во СВР Велес С.А.(24) од Градско пријавил дека пред угостителски објект во Градско бил физички нападнат од Ш.С. и А.С. од Градско. Се работи на расчистување на случајот.

На 28.08.2020 во 04,15 часот, во угостителски објект лоциран на булевар „Железничка" во Охрид, В.М.(38) и Д.Ј.(32), двајцата од селото Лешани, општина Дебарца, го нарушиле јавниот ред и мир со вербална расправија со персоналот а потоа и со оштетување на инвентарот од објектот. Двајцата се приведени и по целосно документирање на настанот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.08.2020 во СВР Куманово 76 годишна жена од Куманово пријавила дека истиот ден околу 11,30 часот лице на возраст од 30 до 35 години се обидело да изврши полов напад врз неа. Се работи на целосно расчистување на случајот.

На 27.08.2020 во 22,30 часот во Полициската станица Кавадарци од Јавна установа за згрижување на деца било пријавено дека се оддалечил Р.А.(10) од Кавадарци. Се превземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет